Република Северна Македонија
Универзитет „СВ. Климент Охридски"-Битола
**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**-Битола
Бр. 02-223/5
30.06. 2021 год.
Битола

Врз основа на член 11 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола и глава II од Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола во академската 2021/2022 година, Советот на втор циклус студии на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, на седницата одржана на ден 30.06.2021 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

I. Како соодветни студиски програми од прв циклус студии за запишување на втор циклус студии на Педагошкиот факултет-Битола во академската 2021/2022 година се утврдуваат:

1. За студиските програми, Македонски јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, се студиските програми од научните подрачја, Хуманистички науки, Општествени науки и други науки.

2. За студиските програми, Наставник во одделенска настава, Воспитувач, Менаџмент во образованието, Образование на надарени и талентирани и Информатика и техничко образование, се студиските програми од научните подрачја: Општествени науки, Хуманистички науки, Техничко технолошки науки, Природно математички науки и други науки.

II. Одлуката да се објави на огласната табла и на веб страната на Факултетот.

III. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Наставнички совет на втор циклус студии

Раководител
проф. д-р Данче Сивакова Нешковски